Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура и туризам** | **Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
___20___ година / viti

Бр. УП1 31-580/2024
11.02.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.265/24), министерот за култура и туризам донесе,

# РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2025 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа **на НУ Музеј - Куманово** за 2025 доставена до Министерството за култура и туризам под бр. **УП1 31-580** од **28.06.2024** година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти од областа на:

**- музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство дејност:**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Три манастирски цркви во Кумановско, од Преродбенскиот период | 50.000 |
| 1.2 | Аудио водич за Постојаната музејска поставка во НУ Музеј Куманово | 30.000 |
| 1.3 | „Кумство во црква за време на празник“ | 50.000 |
| 1.4 | “Мапа за млади патници“ | 40.000 |
| 1.5 | Превентивна конзервација на керамика (1 фрагментиран питос и фрагментирана керамика) од локалитет Градиште во с.Мл.Нагоричане | 40.000 |
| 1.6 | Тековно опремување на конзерваторска лабораторија на НУ Музеј Куманово и конзервација на музејски материјал | 50.000 |
| 1.7 | Теренска евиденција во функција на заштита на локалитетите во Кумановско | 40.000 |
| 1.8 | Тековнон одржување на Меморијалниот центар АСНОМ, село Пелинце и одбележување на празникот 2 Август | 100.000 |
| 1.9 | Уредување и тековно одржување на локалитетот Коконо,село Кокино | 60.000 |
| 1.10 | Истражување на свадбените обичаи на Македонците од Козјачиот крај и Албанките од Албанија | 80.000 |
| 1.11 | АМС С-14 анализа на органски материјал од Градиште,Мл.Нагоричанце | 35.600 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.13 | Виртуелна 3D изложба на предмети од Градиште, Мл.Нагоричане | 80.000 |
| 1.14 | Археолошки ископувања на локалитет Градиште,Мл.Нагоричани | 300.000 |
| 1.15 | Археолошко ископување на локалитет Градиште во Бислимска Клисура,с.Пчиња | 300.000 |
| 1.16 | Одржување на нумизматичката збирка на Музејот | 30.000 |
| 1.17 | „Ткаени перници, мирен сон“ | 50.000 |
| 1.18 | Едукативни работилници за деца “ Сподели богатство“ | 30.000 |
| 1.18 | Надградба и одржување на дигитален систем на музејска документација | 30.000 |
| 1.19 | За занаетите со младите | 30.000 |
| 1.20 | Конзервација на музејки предмети од хартија | 100.000 |

- од областа на **меѓународната** дејност

1.1. Креирање на дата база на податоци за византиско оружје од Македонија, Епир и Тесалија во Никополис, Грција 100.000

1.2. Организирање на археолошка летна школа во Италија 60.000

- од областа на **литературата и издавачката** дејност

1.1. МУЗЕЈСКИ ГЛАСНИК БР.16....................100.000 денари

- од областа на **недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра** дејност

| | |
|---|---|
| Дигитализација на археолошки содржини на лок.Градиште, Бислимска клисура, со LIDAR-дрон технологија | 100.000 |

**- од областа на визуелната уметност архитектурата и дизајнот:**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Самостојна изложба на Марина Цветановска Мартиновска | 80,000 ден. |
| 1.2 | Самостојна изложба на Мирослав Величковски | 40,000 ден. |
| 1.3 | Изложба на дела од ликовната колонија Куманово 2024 | 40,000 ден. |
| 1.4 | Ликовна колонија„ Куманово 2025“ | 150,000 ден. |
| 1.5 | „Кумановски ликовни уметници 2025“ | 40,000 ден. |

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** за 2025 доставена до Министерството за култура и туризам под бр. **УП1 31-580** од **28.06.2024** година од:

**- областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство дејност**:

1.1 Црковните споменици во Кумановско, низ векови

1.2 Римски војник (фигура од гипс)

1.3 80 години - „КУД Бајрам Шабани“

1.4 Ленче кумановче - меѓу традицијата и современото

1.5 "Звуците на минатото"

1.6 "Во потрага по автентичноста на еден народ-Агријаните"

1.7 Превентивна конзервација и опрема на 20 дела од депото на Уметничката галерија во Куманово

1.8 Ревијално прикажување на модните трендови на матурскиот фустан од 60 - те години на 20 - век,па се до денешната современост во Даут Пашин амам - Скопје

1.9 Збогатување на нумизматичката збирка на Музејот

1.10 Прошетка низ минатото преку културните знаменитости во Куманово

1.11 Етнолошко истражување на селата од Которл' к

1.12 „Панче Пешев револуционер и композитор"

- **меѓународна** дејност

1.1. Учество на Меѓународна конференција на библиотекари, архивисти и музеолози во Цетиње, Црна Гора

1.2. Научна посета на Националниот истражувачки центар „Димокритос" во Атина, Грција

- од областа на **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:

2.1. Инвентаризирање на музејските предмети и изработка на музејска документација, дигитализација на документацијата и вмрежување на веќе создадените бази на податоци и

2.2. Набавка на опрема за обработка на податоци добиени од геофизички и ласерски снимања.

**-СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2025 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во согласност со член 70 од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 265/24), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт-годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за

инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат средствата кои се планирани да се остварат по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на 19.6.2024 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за националните установи од областа на културата за доставување нацрт-годишна програма за 2025 година.

**НУ Музеј - Куманово** со допис бр. **УП1 31-580** од **28.06.2024** година до Министерството за култура и туризам достави Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2025 година.

Во согласност со член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (5) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. **31-286/2** од **30.01.2025** година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. **31-286/2** од **30.01.2025** година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: од следниве причини: не соодветствуват со приоритетите на годишните конкурси, недоволно образложена соодржина на проектите и непрецизно образложен финансиски план на побараните средства.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 33-828/1 од 30.01.2025 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр.32-287/2 од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 33-828/1 од 30.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

- Учество на Меѓународна конференција на библиотекари, архивисти и музеолози во Цетиње, Црна Гора (Проектот се одбива бидејќи во Годишната програма на Установата е даден приоритет на проект во функција на потребата од база на податоци од поширок територијален регион, како и на проект за летна школа, која претставува едукативен форум на кој се добиваат нови сознанија)
- Научна посета на Националниот истражувачки центар „Димокритос" во Атина, Грција (Проектот се одбива бидејќи во Годишната програма на Установата е даден приоритет на проект во функција на потребата од база на податоци од поширок територијален регион, како и на проект за летна школа, која претставува едукативен форум на кој се добиваат нови сознанија).

Комисијата за **литература и издавачка дејност** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 24-830/1 од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Комисијата за **инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-280/5 од 31.01.2025 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и туризам, не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Комисијата **од областа на визуелната уметност архитектура и дизајн** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-832/1 од од 31.01.2025 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **НУ Музеј - Куманово** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2025 година.

Во согласност со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Во согласност со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

**МИНИСТЕР,**

**Зоран Љутков**

Доставено до:

- националната установа;
- архивата на Министерството за култура и туризам.

**Сектор за заштита на културното наследство**

***Одделение за музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство***

Подготви: Ибуш Абази, советник

Провери: м-р Александар Јорданоски, раководител на одделение

Одобри: Afed Jashari, државен советник

***Одделениенедвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра***

Подготви: Марина Тасева, помлад соработник
Давча Спасова, советник

Провери: м-р Елена Павлова, раководител на одделение

Согласен: Диме Маџовски, државен советник

***Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО***

Подготвил: Љубица Стефановска, советник

Одобри: Гордана И. Велковска, раководител на Сектор

Согласен: м-р Ирина Димовска, државен советник

***Сектор за издавачка дејност (Сектор за книга)***

Подготвил: м-р Весна Ѓуровска, советник

Одобри: д-р Билјана Туџаровска – Ќупева, раководител на Сектор

Согласен: м-р Катерина Пејкова, државен советник

Подготвил: Цветанка Јакимовска, виш соработник

Согласен: Владимир Попоски, раководител

Подготви:м-р М.М.Аџигогова, соработник

Одобри:Х.Сопи, помшник раководител на Сектор

Согласен: м-р М. Седрак, раководител на Сектор